Уп. бр.08-158

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Фолксваген Акциегезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на адреса Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, поднесено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 29.12.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Фолксваген Акциегезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на адреса Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, индиректно, преку друштвото КАРИАД СЕ (CARIAD SE), со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија стекнува самостојна контрола над друштвото парагон семвокс ГмбХ (paragon semvox GmbH), со регистрирано седиште на Конрад-Цузе-Штр. 19, 66459 Лимбах, Германија, преку купување на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 02.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Фолксваген Акциегезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на адреса Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, со која Фолксваген Акциегезелшафт Волфсбург, Германија, индиректно, преку друштвото КАРИАД СЕ (CARIAD SE), со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија стекнува самостојна контрола над друштвото парагон семвокс ГмбХ (paragon semvox GmbH), со регистрирано седиште на Конрад-Цузе-Штр. 19, 66459 Лимбах, Германија, преку купување на 100% од уделот.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Фолксваген Акциегезелшафт е друштво кое котира на берза, со седиште во Волфсбуг (Германија) и е владејачко друштво на Фолксваген групацијата („ФВ групација“).

ФВ групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (*coaches*), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема. ФВ групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила. ФВ групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршал (Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). ФВ групацијата исто така нуди услуги на мобилност, како што се возила на повик (*ride hailing*) и споделување на возила (*car sharing*).

Дополнително, ФВ групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила, но ги покрива и редовните банкарски и други активности на осигурување. Оваа дејност се спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG; „ФСАГ“) и неговите зависни друштва. ФСАГ нуди индивидуални мобилни услуги како што се финансирање, лизинг, осигурување и услуги за набавка на осигурување во врска со автомобили и комерцијални возила. Конечно, преку зависното друштво на ФСАГ, Фолксваген Банк ГмбХ (Volkswagen Bank GmbH), ФВ групацијата дава директни банкарски услуги.

ФВ групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва: Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Бул, Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје, Порше Брокер АД Скопе, со седиште на адреса Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје, Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден, со седиште на адреса ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје. Деловните активности на овие друштво во Северна Македонија претежно се трговијата со моторни возила и финансискиот лизинг.

Директниот стекнувач, КАРИАД, е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген Акциегезелшафт и се занимава со интерно развивање на софтверски решенија и апликации за ФВ возила и останато. КАРИАД е лоциран на: Берлинер 2, 38440 Волфсбург, Германија.

парагон семвокс (СМАКС) е давател (инженер), препродавач и издавач на лиценци за софтверски решенија и технологии за гласовно управувани дигитални асистенти базирани на вештачка интелигенција, со фокус на решенија за потребите на автомобилската индустрија.

Подетално, Целното друштво развива и интегрира проактивен софтвер за интерактивен дијалог базиран на вештачка интелегенција („ВИ“), за автомобили, смарт домови, електроника за потрошувачи и домашна забава, здравствена заштита, логистика, итн. Софтверот му овозможува на корисникот, преку контрола со глас (препознавање на говор и говорна синтеза и конвертирање од текст во говор), контрола преку гестикулации и тачскрин, за насочување, на пример, на компоненти за навигација, системи за помош на возачи и решенија за забава.

Во однос на автомобилите, софтверите на СМАКС за автомобили поврзани на интернет можат при интеракција да внесат контекстуални фактори, како што се моменталната позиција на корисникот, личните преференции, информации од други апликации, и со тоа, на возачот му се овозможува повеќемодална контрола на сите функции вградени во автомобилот. Како интелегентни лични асистени, системите на СМАКС обезбедуваат насоки и проактивна поддршка на возачот. Типични примери се обезбедување на телефонски јавувања, барања за насоки/навигација, праќање пораки или вклучување музика итн.

Целното друштво не е присутно и не остварува приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**